Classification: Restricted to ProCreditGroup



Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Центар-Скопје

### Член 1

Во Правилникот за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 5/18), **СЕ ВРШИ ИЗМЕНА** на тој начин што:

Во член 3 од Правилникот за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Центар-Скопје, по став 2, се додаваат ставовите 3 и 4 кои гласат:

(3) „Доколку двајцата родители се со живеалиште на територија на Општина Центар-Скопје, а едниот од родителите не поседува документ за лична идентификација со постојано живеалиште во Општина Центар-Скопје, потребно е да достави Изјава заверена на нотар со која потврдува дека живее на територија на Општина Центар-Скопје. Во Изјавата задолжително да се наведе дека нема остварено право на парична помош за новороденче од друга општина."

(4) „Право на користење парична помош за новороденче имаат и самохрани родители. Услов за остварување на правото е самохраниот родител да има документ за лична идентификација, со постојана адреса на живеење на територијата на Општина Центар-Скопје."

### Член 2

Овај Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-6251/38
28.12.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.